


# КАВАДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР

ИЗДАНИЕ БР. 70,
МЕСЕЦ ЈУНИ 2025

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Во новиот информатор ќе пронајдете:
Најнови проекти, настани,
образование и друго.
Продолжете со читање !

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

2А. ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОДОВОДНА, КАНАЛИЗАЦИОНА И АТМОСФЕРСКА МРЕЖА НА БУЛЕВАР ВЕЉКО ВЛАХОВИЌ СПОЈ СО ЗАПАДЕН БУЛЕВАР КОЈА Е ИНВЕСТИЦИЈА ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ. ПРЕТХОДЕШЕ ПРОБИВАЊЕ И ТАМПОНИРАЊЕ, А ВО СЛЕДНА ФАЗА ЌЕ СЕ ПРИСТАПИ КОН АСФАЛТИРАЊЕ НА БУЛЕВАРОТ СО ОСВЕТЛУВАЊЕ И ТРОТОАРИ ВО ДОЛЖИНА ОД 180 МЕТРИ, КОЕ Е ИНВЕСТИЦИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ВИСИНА ОД 6 МИЛИОНИ ДЕНАРИ И ПОВРШИНА ОД 4900 МЕТРИ КВАДРАТНИ.ИЗВЕДУВАЧ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





2Б. Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПРИСТАПИ КОН РЕШАВАЊЕ НА ПОВЕЌЕМЕСЕЧНИОТ ПРОБЛЕМ СО ПОДЗЕМНИТЕ ВОДИ НА УЛ.„ДИСАНСКА" ВО АТАРОТ НА ГРАДСКИ ПАРК. СЕ ИЗВРШИ ИСКОП НА ПОГОЛЕМИ КОЛИЧИНИ НА ЗАСИТЕНА ПОЧВА СО ПОДЗЕМНИ ВОДИ И ВО ДОЛЖИНА ОД 50 МЕТРИ ЌЕ БИДАТ ПОСТАВЕНИ ДРЕНАЖНИ ЦЕВКИ СО ДИЈАМЕТАР Ф250, ВРЗ НИВ ШОДЕР И ОВИЕ ПОДЗЕМНИ ВОДИ ЌЕ БИДАТ НАСОЧЕНИ ВО АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА КОЈА СЕ НАОЃА НА ОВАА УЛИЦА.





3Б. ЗАПОЧНА ПОПЛОЧУВАЊЕТО НА УЛИЦИ НА 700М2 ВО СЕЛО МАЈДЕН, КАКО ДЕЛ ОД ЗАЕДНИЧКИОТ ДОГОВОР ЗА ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПОВЕЌЕ СЕЛА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

4А ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД СЕ ОДВИВАА ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО КАВАДАРЦИ, МЕЃУ КОИ И ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ НА УЛ. „ИНДУСТРИСКА" НА ПОВРШИНА ОД 1200 М2 ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





5А. ЗАВРШЕНО Е ПОПЛОЧУВАЊЕ НА КРАК ОД УЛИЦА „МИЛЕ ВЧКОВ" НА ПОВРШИНА ОД 300М2, ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.





5Б. НОВ КРУЖЕН ТЕК
ИНТЕНЗИВНО СЕ РАБОТИ НА ИЗГРАДБАТА НА НОВ КРУЖЕН ТЕК НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ КАВАДАРЦИ-РОСОМАН, СО ЦЕЛ ДА СЕ ЗГОЛЕМИ БЕЗБЕДНОСТА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ. ВО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 11 МИЛИОНИ ДЕНАРИ СО ВКЛУЧЕН ДДВ, ФИНАНСИРАН ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е КОМПАНИЈАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

9А. ЗАВРШЕНО Е ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ТРОТОАРИ ВО НОВАТА НАСЕЛБА „БЕЛ КАМЕН" НА ПОВРШИНА ОД 1100М2, ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.







9Б ОТКАКО Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ КОНСТАТИРАШЕ ОШТЕТУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНАТА ЛИНИЈА НА УЛ. „25МАЈ" СЛУЖБИТЕ НА ТЕРЕН ВЕДНАШ ПРИСТАПИЈА СО ИСКОП, ЗАМЕНА И ПОСТАВУВАЊЕ НА НОВИ ЦЕВКИ СО ШТО ЌЕ БИДЕ РЕШЕН ПРОБЛЕМОТ НА СИТЕ ГРАЃАНИ КОИ ЖИВЕАТ ТАМУ.





9В 16-ТА ВОНРЕДНА СЕДНИЦА НА СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

9Г Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ ТАЈМЕРИ СО ЕЛЕКТРО ВЕНТИЛИ, КОИ ОВОЗМОЖУВААТ ДАЛЕЧИНСКО УПРАВУВАЊЕ СО НАВОДНУВАЊЕТО НА ДЕЛ ОД ЗЕЛЕНИТЕ ПОВРШИНИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ. ВО ПРВАТА ФАЗА ЌЕ БИДАТ ОПФАТЕНИ ОКОЛУ 30 000 $М^2$, СО ШТО ЗНАЧИТЕЛНО ЌЕ СЕ ЗАШТЕДАТ ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ, А НАВОДНУВАЊЕТО ЌЕ СЕ ВРШИ ВО НОЌНИТЕ ЧАСОВИ, КОГА ПОТРОШУВАЧКАТА НА ВОДА Е НАЈМАЛА. ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД, ПЛАНОТ Е НА ОВОЈ НАЧИН ДА СЕ ОПФАТАТ СИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ ВО ГРАДОТ.



9Д. ПОСТАВУВАЊЕ НА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА И ВОДОВОДНА ЛИНИЈА СО ШАХТИ НА М.В ЖЕЛКОВЕЦ ОД СТРАНА НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ПО ШТО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЌЕ ВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА ОВОЈ ЛОКАЛИТЕТ







10А ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД СЕ ОДВИВАА ГРАДЕЖНИ АКТИВНОСТИ НА ПОВЕЌЕ ЛОКАЦИИ ВО КАВАДАРЦИ, МЕЃУ КОИ И БЕТОНИРАЊЕ НА КРАК ОД УЛ. „БРУШАНСКА" НА ПОВРШИНА ОД 200М2, ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ




10Б Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ КАКО И ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ И ОВАА АКТИВНО РАБОТИ НА ЧИСТЕЊЕ НА ДИВИТЕ ДЕПОНИИ И ОТСТРАНУВАЊЕ НА СУВА И ЛЕСНО ЗАПАЛЛИВА ТРЕВА ВО БЛИЗИНА НА ПАТИШТАТА – МЕРКА ОД ОСОБЕНА ВАЖНОСТ ВО ОВОЈ ПОЖАРООПАСЕН ПЕРИОД ОД ГОДИНАТА.
БЕА СПРОВЕДЕНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЧИСТЕЊЕ НА ПРОСТОРОТ ОКОЛУ ДЕПОНИЈАТА МЕЛЦИ, ПРИ ШТО СЕ ФОРМИРА ТАМПОН-ЗОНА И СЕ ВРШИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА СУВАТА ТРЕВА И ДРУГ РИЗИЧЕН МАТЕРИЈАЛ ВО БЛИЗИНА НА ПАТОТ, СО ЦЕЛ ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЕВЕНТУАЛНИ ПОЖАРИ И ПОДОБРУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ГРАЃАНИТЕ.

10В ПОДОБРУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ ПОПЛОЧУВАЊЕ НА УЛИЦИ ВО СЕЛО БЕГНИШТЕ НА ПОВРШИНА ОД 600 М2. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД, КАКО ДЕЛ ОД ЗАЕДНИЧКИ ДОГОВОР ЗА ПОВЕЌЕ СЕЛА.








11А ЗАВРШЕНО Е ПОПЛОЧУВАЊЕ НА ПЕШАЧКА ПАТЕКА НА УЛ. „ДИМЕ ТУРИМАНЏОВ" НА ПОВРШИНА ОД 450М2, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е
ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.

11Б ПАРТЕРНО УРЕДУВАЊЕ НА БУЛЕВАР ЦВЕТАН ДИМОВ, ОДНОСНО ДОТРАЕНИТЕ ПАТЕКИ ОКОЛУ ЗГРАДИТЕ СЕ ОБНОВЕНИ И ПОПЛОЧЕНИ, КАКО ДЕЛ ОД ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2024 ГОДИНА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

12А Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ВО СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЗАПОЧНА СО ПОСТАВУВАЊЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА ВО ДОЛЖИНА ОД 300 МЕТРИ СО ДИЈАМЕТАР Ф200 ВО СЕЛО МАРЕНА ОД ИНТЕРВЕНТНАТА ПРОГРАМАТА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.









12Б. СЛУЖБИ НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТЕА НА МУЛЧИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО БОШАВИЈАТА, А ВО СЛЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ ИСТО И НА ОСТАНАТИТЕ ПАТНИ ПРАВЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.

12В ВАКА ИЗГЛЕДА ЕДЕН ДЕН ВО СТАЦИОНАР „ШЕПА“ – РЕГИОНАЛЕН ЦЕНТАР ЗА ЗГРИЖУВАЊЕ НА БЕЗДОМНИ МИЛЕНИЦИ И ВЕТЕРИНАРНО ЗДРАВСТВО. ЦЕНТАР КОЈ РАБОТИ СО ЦЕЛ ДА ОБЕЗБЕДИ КВАЛИТЕТНА ВЕТЕРИНАРНА ГРИЖА, СТЕРИЛИЗАЦИЈА, ВАКЦИНАЦИЈА, ЧИПИРАЊЕ ЗА СЕКОЕ ЖИВОТНО ВО „ШЕПА“, СЕКОЈ ДЕН ЗАПОЧНУВА СО ЉУБОВ, ГРИЖА И ПОСВЕТЕНОСТ. НАШИОТ ТИМ ОД ВЕТЕРИНАРИ И НЕГУВАТЕЛИ РАБОТИ НЕУМОРНО ЗА ДА ОБЕЗБЕДИ БЕЗБЕДНА И ХУМАНА СРЕДИНА ЗА КУЧИЊАТА КОИ СЕ НАОЃААТ ПОД НАША ЗАШТИТА. ОД ЗДРАВСТВЕНИ ПРЕГЛЕДИ И ТРЕТМАНИ, ДО ПРОШЕТКИ И ДРУЖЕЊЕ – СЕКОЕ ЖИВОТНО ДОБИВА ВНИМАНИЕ КАКВО ШТО ЗАСЛУЖУВА. НАШАТА МИСИЈА НЕ ЗАВРШУВА ТУКА. АКТИВНО РАБОТИМЕ НА ВДОМУВАЊЕ НА МИЛЕНИЦИТЕ И НА ПОДИГАЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ ЗА ОДГОВОРНО СОПСТВЕНИШТВО.






# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

13А СЛУЖБИ НА Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ РАБОТАТ НА МУЛЧИРАЊЕ - ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ВО СЕЛАТА СТРАГОВО, ГОРНА И ДОЛНА БОШАВА, ЧЕМЕРСКО И БОХУЛА, А ВО СЛЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ПРОДОЛЖИ ИСТО И НА ОСТАНАТИТЕ ПАТНИ ПРАВЦИ НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ.



17А МУЛЧИРАЊЕ – ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ОД СТРАНА НА СЛУЖБИ ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ. СЕ МУЛЧИРААТ ПАТНИТЕ ПРАВЦИ МАРЕНА – СОПОТ И КОН СЕЛО ШИВЕЦ.







13Б ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ, ВО СОРАБОТКА СО ЈП НЕГОТИНО И ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА, ПРЕЗЕДЕ АКТИВНОСТИ ЗА РЕШАВАЊЕ НА ПРОБЛЕМОТ СО ПОДЗЕМНИТЕ ВОДИ НА УЛ.„ДИСАНСКА“.

ВО РАМКИ НА ГРАДЕЖНАТА ИНТЕРВЕНЦИЈА СЕ ИЗВЕДУВА ПОСТАВУВАЊЕ НА ДРЕНАЖНИ ЦЕВКИ Ф200, ВО ДОЛЖИНА ОД 100 МЕТРИ, СО ШТО ПОДЗЕМНИТЕ ВОДИ ЌЕ СЕ ПРЕНАСОЧАТ КОН АТМОСФЕРСКАТА КАНАЛИЗАЦИЈА.

СО ОВАА САНАЦИЈА, СЕ ОЧЕКУВА КОНЕЧНО РЕШАВАЊЕ НА ПОВЕЌЕМЕСЕЧНИОТ ПРОБЛЕМ КОЈ ГИ ЗАСЕГАШЕ ЖИТЕЛИТЕ НА ОВОЈ ДЕЛ ОД ГРАДОТ.

17Б ПАРКИНГ ПРОСТОРОТ НАМЕНЕТ ЗА ТАКСИ ВОЗИЛА НА УЛ.ТИКВЕШКО ВОСТАНИЕ, КОЈ РЕЧИСИ ВО ТЕКОТ НА ЦЕЛИОТ ДЕН БЕШЕ ИЗЛОЖЕН НА СОНЦЕ, СЕГА Е СО СООДВЕТНА НАСТРЕШНИЦА. ОВА ВО ГОЛЕМА МЕРА ЌЕ ЈА ОЛЕСНИ РАБОТАТА НА ТАКСИ ВОЗАЧИТЕ КОИ БЕА ИНИЦИЈАТОРИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ОВОЈ ПРОЕКТ.





# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

18А МУЛЧИРАЊЕ – ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ОД СТРАНА НА СЛУЖБИ ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ. СЕ МУЛЧИРААТ ПАТНИТЕ ПРАВЦИ КОН БРАНА ХЕЦ ТИКВЕШ, СЕЛАТА ДРЕНОВО И РАЕЦ.





19А МУЛЧИРАЊЕ – ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ОД СТРАНА НА СЛУЖБИ ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ . СЕ МУЛЧИРААТ ПАТНИТЕ ПРАВЦИ КОН СЕЛАТА БРУШАНИ, РЕСАВА И БЕГНИШТЕ.







18Б БЕА ПОСТАВЕНИ ИВИЧЊАЦИ ЗА ОФОРМУВАЊЕ НА НОВИОТ КРУЖЕН ТЕК НА РЕГИОНАЛНИОТ ПАТ КАВАДАРЦИ-РОСОМАН, КОЈ ЌЕ ПРИДОНЕСЕ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА НА УЧЕСНИЦИТЕ ВО СООБРАЌАЈОТ. ВО ВКУПНА ВРЕДНОСТ ОД 11 МИЛИОНИ ДЕНАРИ СО ВКЛУЧЕН ДДВ, ФИНАНСИРАН ОД ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е КОМПАНИЈАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.







19Б ПО ПРЕТХОДНИ ИНТЕРВЕНЦИИ ОД ЈП КОМУНАЛЕЦ НА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА, СЕ БЕТОНИРАШЕ КРАК ОД УЛ. ДОНЕ ПОПОВ СО ПОВРШИНА ОД 400 МЕТРИ КВАДРАТНИ. ИСТО ТАКА ВО ТЕК Е И ПОДГОТОВКА ЗА БЕТОНИРАЊЕ НА УШТЕ ЕДЕН КРАК ОД ИСТАТА УЛИЦА. ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.







# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

21А ПРОДОЛЖУВАМЕ СО ИНФРАСТРУКТУРНИОТ РАЗВОЈ ВО НАШАТА ОПШТИНА!
СЕ ИЗВРШИ АСФАЛТИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД УЛ. „ЈОВАНЧЕ ВЕЛКОВ", КАКО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗАПОЧНАТИ МИНАТАТА ГОДИНА.
СЕ РАБОТИ НА ПОВРШИНА ОД ПРИБЛИЖНО 600 $М^2$, ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2025 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ Е КОМПАНИЈАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.
СО ВАКВИТЕ ПРОЕКТИ, ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА СОЗДАВАМЕ ПОДОБРИ И ПОБЕЗБЕДНИ УСЛОВИ ЗА СИТЕ ЖИТЕЛИ!








20Б СЕ ПРОДОЛЖУВА СО МУЛЧИРАЊЕ – ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА ОД СТРАНА НА СЛУЖБИ ОД Ј.П. КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ . СЕ МУЛЧИРААТ ПАТНИТЕ ПРАВЦИ КОН НАСЕЛБА ТОПОВИТЕ, МУШОВ ГРОБ И МИХАЈЛОВО.

# ТЕКОВНИ И ПЛАНИРАНИ ПРОЕКТИ

23Б АСФАЛТИРАН ДЕЛ ОД УЛ. „ЈОВАНЧЕ ВЕЛКОВ", КАКО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ЗАПОЧНАТИ МИНАТАТА ГОДИНА.
ПОВРШИНА ОД ПРИБЛИЖНО 600 $М^2$ ВО РАМКИ НА ПРОГРАМАТА ЗА КОМУНАЛНА ИЗГРАДБА ЗА 2025 ГОДИНА.
ИЗВЕДУВАЧ НА ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ Е КОМПАНИЈАТА ГРАДБА ПРОМЕТ.
СО ВАКВИТЕ ПРОЕКТИ, ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА СОЗДАВАМЕ ПОДОБРИ И ПОБЕЗБЕДНИ УСЛОВИ ЗА СИТЕ ЖИТЕЛИ!

24А СЕ ЗАПОЧНА СО РЕДОВНА САНАЦИЈА И ПРОЧИСТУВАЊЕ НА ПОЛСКИ ПАТИШТА. ДЕНЕС СЕ ВРШИ САНАЦИЈА НА ПАТИШТА ВО С.ВАТАША, А ВО НАРЕДНИОТ ПЕРИОД ЌЕ СЕ ОПФАТАТ И ОСТАНАТИТЕ ОКОЛНИ СЕЛА.






23А БЕТОНИРАЊЕ НА ВТОРИОТ КРАК ОД УЛ. „ДОНЕ ПОПОВ" ОТКАКО ПРЕТХОДНО ЕКИПА НА ЈП КОМУНАЛЕЦ КАВАДАРЦИ ИНТЕРВЕНИРАШЕ НА КАНАЛИЗАЦИОНА ЛИНИЈА.
ИЗВЕДУВАЧ НА РАБОТИТЕ Е ФИРМАТА ПАВЕР ТРЕЈД.





# НАСТАНИ

1А. ОТВОРЕН ДЕН НА АРМ ВО РАМКИТЕ НА МЕЃУНАРОДНАТА ВЕЖБА „БРЗ ОДГОВОР 25", КОЈА СЕ РЕАЛИЗИРА НА АРМИСКИОТ ПОЛИГОН КРИВОЛАК.
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ, ЗАЕДНО СО НАЧАЛНИКОТ НА ГЕНЕРАЛШТАБОТ, ГЕНЕРАЛ-МАЈОР САШКО ЛАФЧИСКИ, ГИ ПОСЕТИ ИЗЛОЖБЕНИТЕ ШТАНДОВИ НА ГРАДСКИОТ ПЛОШТАД, ОДНОСНО ИЗЛОЖБАТА НА ОКЛОПНИ ВОЗИЛА ОД СОСТАВОТ НА АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. ПОСЕТИТЕЛИТЕ ИМАА РЕТКА МОЖНОСТ ОДБЛИСКУ ДА ГИ РАЗГЛЕДААТ СОВРЕМЕНИТЕ ВОЕНИ СРЕДСТВА И ТЕХНИКАТА ШТО ЈА КОРИСТИ АРМИЈАТА ЗА ОДБРАНА И ПОДДРШКА НА МИРОВНИТЕ МИСИИ. НАСТАНОТ Е ДЕЛ ОД АКТИВНОСТИТЕ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ДАТУМИ И ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ВРСКАТА МЕЃУ АРМИЈАТА И ГРАЃАНИТЕ.
ОВОЈ НАСТАН ИМ ОВОЗМОЖУВА НА ГРАЃАНИТЕ, ОСОБЕНО НА МЛАДИТЕ, ОДБЛИСКУ ДА СЕ ЗАПОЗНААТ СО ТЕХНИКАТА, ПРИПАДНИЦИТЕ И МИСИЈАТА НА НАШАТА АРМИЈА – ГОРДОСТ НА МАКЕДОНИЈА И ЧУВАР НА МИРОТ.





3В 80 ГОДИНИ ЦРВЕН КРСТ МАКЕДОНИЈА!
ПО ПОВОД ЈУБИЛЕЈНИ 80 ГОДИНИ ЦРВЕН КРСТ МАКЕДОНИЈА, ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР Г-ДИН САИТ САИТИ И ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ЦРВЕН КРСТ КАВАДАРЦИ МУ ДОДЕЛИЈА ЈУБИЛЕЈНА ПЛАКЕТА НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЗА ПОСЕБЕН ПРИДОНЕС ВО ОСТВАРУВАЊЕТО НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ НА ЦРВЕНИОТ КРСТ. СОРАБОТКАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА СО ЦРВЕН КРСТ КАВАДАРЦИ КОНТИНУИРАНО СЕ РАЗВИВА – ОД ПОДДРШКАТА ЗА ИЗГРАДБА НА НОВИОТ ОБЈЕКТ, ДО ЗАЕДНИЧКИТЕ КРВОДАРИТЕЛСКИ АКЦИИ, ПРОЕКТОТ ЗА НЕГА НА СТАРИ ЛИЦА СО АНГАЖИРАНИ НЕГОВАТЕЛИ, И ВЕЖБИТЕ ЗА ПОДГОТВЕНОСТ СО УЧЕНИЦИ.
ЦРВЕНИОТ КРСТ ПРЕТСТАВУВА ПРИМЕР ЗА ХУМАНОСТ И ПОСВЕТЕНОСТ, А ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА БИДЕ ПАРТНЕР НА СИТЕ АКТИВНОСТИ ШТО ЗНАЧАТ ПОДДРШКА ЗА ГРАЃАНИТЕ.





# НАСТАНИ

4Б ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ОСТВАРИ СРЕДБА СО РАКОМЕТАРИТЕ И РАКОВОДСТВОТО НА ГРК ТИКВЕШ 2014, СО ЦЕЛ ДА ЈА ОДБЕЛЕЖИ НИВНАТА УСПЕШНА СЕЗОНА 2024/2025. КЛУБОТ ЈА ЗАВРШИ СЕЗОНАТА НА 5-ТО МЕСТО ВО ПРВАТА ЛИГА И ОБЕЗБЕДИ МОЖНОСТ ЗА НАСТАП ВО ЕВРОПСКИОТ ЧЕЛИНЏ КУП – РЕЗУЛТАТ КОЈ ПРЕТСТАВУВА ГОРДОСТ ЗА ГРАДОТ.

НА СРЕДБАТА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ЈА ПОТВРДИ КОНТИНУИРАНАТА ПОДДРШКА НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ЗА СИТЕ СПОРТСКИ КЛУБОВИ. ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ, ОПШТИНСКИОТ БУЏЕТ ЗА СПОРТ БЕШЕ ЗНАЧИТЕЛНО ЗГОЛЕМЕН, А ЗА 2025 ГОДИНА СЕ ПРЕДВИДЕНИ 35 МИЛИОНИ ДЕНАРИ. СРЕДСТВАТА СЕ НАМЕНЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ И ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ ТАЛЕНТИРАНИ СПОРТИСТИ.

КАВАДАРЦИ ОТСЕКОГАШ БИЛ СПОРТСКИ ГРАД И ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДА ГО ЖИВЕЕ СПОРТОТ СО ИСТА ЕНЕРГИЈА И ПОСВЕТЕНОСТ.




19Д ВО РАМКИ НА НАСТАНОТ 30 ГОДИНИ УНДП ВО МАКЕДОНИЈА, ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И ПОСТОЈАНИОТ ПРЕТСТАВНИК НА УНДП Г-ДИН АРМЕН ГРИГОРИЈАН ПОТПИШАА ДОГОВОР ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТОТ „CITY EXPERIMENT FUND" ФИНАНСИРАН ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ НА СЛОВАЧКА.

СТАНУВА ЗБОР ЗА ДИНАМИЧНА ИНИЦИЈАТИВА ВО ПАРТНЕРСТВО СО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР, ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ И ГРАЃАНИТЕ СО ЦЕЛ КРЕИРАЊЕ УСПЕШНА ПЛАТФОРМА ЗА УРБАНА ТРАНСФОРМАЦИЈА НА КАВАДАРЦИ.

ИНОВАТИВНИОТ ПРОЕКТ ДОПОЛНИТЕЛНО ЌЕ ГО ЗАБРЗА РАЗВОЈОТ НА ДВОЈНАТА ТРАНЗИЦИЈА-ДИГИТАЛНА И ЗЕЛЕНА-СО ШТО КАВАДАРЦИ ЌЕ ПРЕРАСНЕ ВО ПООДРЖЛИВ,ПОПОВРЗАН ГРАД ПОДГОТВЕН ЗА ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ИДНИНАТА





5В. СОРАБОТКА И СОЛИДАРНОСТ ВО СЛУЖБА НА ГРАЃАНИТЕ – ЈАНЧЕВ И ЧАДАМОВ РАМО ДО РАМО СО ПОЖАРНИКАРИТЕ ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ЈА ПРИМИ СВОЈАТА ЛИЧНА ПРОТИВПОЖАРНА ОПРЕМА И СТАНА ЧЛЕН НА ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА КАВАДАРЦИ. ЗАЕДНО СО КОМАНДИРОТ АЛЕКСАНДАР ЧАДАМОВ, УПАТИ СИЛНА ПОРАКА НА ЕДИНСТВО И ПОСВЕТЕНОСТ – ЦЕЛОСНА ПОДДРШКА НА ХЕРОИТЕ ШТО СЕКОЈДНЕВНО ГО РИЗИКУВААТ ЖИВОТОТ ЗА НАШАТА БЕЗБЕДНОСТ.
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ ДОКАЖА ДЕКА ВИСТИНСКОТО ЛИДЕРСТВО ЗНАЧИ ДА БИДЕШ ПРВ НА ЛИНИЈА КОГА Е НАЈПОТРЕБНО.





6А МОТО КЛУБОТ „ТИКВЕШ РАЈДЕРС“ ВО ПОСЕТА НА КОМПАНИЈАТА „КОЖУВЧАНКА“ – ЧЕСТ И БЛАГОДАРНОСТ ЗА ЗАЕДНИЧКА ПОДДРШКА ПО ПОВОД 13-ГОДИШНИНАТА ОД СВОЕТО ПОСТОЕЊЕ, ЧЛЕНОВИТЕ НА МОТО КЛУБОТ „ТИКВЕШ РАЈДЕРС“ ЈА ПОСЕТИЈА КОМПАНИЈАТА „КОЖУВЧАНКА“, КАДЕ ВО ПРИЈАТНА И ДРУГАРСКА АТМОСФЕРА ЈА ИСТАКНАА СВОЈАТА БЛАГОДАРНОСТ ЗА КОНТИНУИРАНАТА ПОДДРШКА КОЈА ЈА ДОБИВААТ НИЗ ГОДИНИТЕ.
ВО ЗНАК НА ПОЧИТ И БЛАГОДАРНОСТ, КЛУБОТ ИМ ВРАЧИ ПРИГОДНИ ПОДАРОЦИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ И НЕГОВАТА СЕСТРА ЈАНИНКА – ДОЛГОГОДИШЕН ПОДДРЖУВАЧ НА КЛУБОТ И КОМПАНИЈАТА „КОЖУВЧАНКА“. СО ОВОЈ СИМБОЛИЧЕН ЧИН, ДВАЈЦАТА БЕА ПРОГЛАСЕНИ ЗА ПОЧЕСНИ ЧЛЕНОВИ НА КЛУБОТ, КАКО ПРИЗНАНИЕ ЗА НИВНАТА ПОСВЕТЕНОСТ, ПОДДРШКА И ПРИЈАТЕЛСТВО. МОТО КЛУБОТ „ТИКВЕШ РАЈДЕРС“ НАЈАВИ ДЕКА ОВА ПАРТНЕРСТВО И ПРИЈАТЕЛСТВО ЌЕ ПРОДОЛЖИ И ВО ИДНИНА, СО ЗАЕДНИЧКИ ЗАЛОЖБИ ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ, ХУМАНИТАРНИ ИНИЦИЈАТИВИ И ПРОМОЦИЈА НА МОТОРИЗМОТ КАКО СТИЛ НА ЖИВОТ И КУЛТУРА.








# НАСТАНИ

14А. ОД НИВА ДО ТРПЕЗА – СЕ ОД НАШАТА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ!
СО ГОЛЕМО ЗАДОВОЛСТВО, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УЧЕСТВУВА НА НАСТАНОТ „ХРАНАТА ОД ОПШТИНИТЕ“, ОРГАНИЗИРАН ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА. НА НАШИТЕ ШТАНДОВИ БЕА ИЗЛОЖЕНИ ПРОИЗВОДИ ОД ЛОКАЛНИ ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ТРАДИЦИОНАЛНА ХРАНА И ВИНО, СО ЦЕЛ ПРОМОЦИЈА НА ТУРИЗМОТ, КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО И ВИНСКИОТ РАЗВОЈ НА ТИКВЕШКИОТ РЕГИОН. НАСТАП НА НАШИОТ ФОЛКЛОРЕН АМБАСАДОР АНСАМБЛОТ „ТИКВЕШ" ОД КАВАДАРЦИ!
ОВОЈ НАСТАН ПРЕТСТАВУВА ВАЖЕН ЧЕКОР ВО ПОДДРШКАТА НА ДОМАШНОТО ПРОИЗВОДСТВО, ЗАЈАКНУВАЊЕТО НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ПОТТИКНУВАЊЕТО НА РУРАЛНИОТ ТУРИЗАМ.









18В ОПШТИНА КАВАДАРЦИ УЧЕСТВУВАШЕ НА САЕМОТ ОРГАНИЗИРАН ОД ЕВРОПСКАТА УНИЈА, ВО РАМКИ НА ЕВРОПСКАТА ПРОГРАМА ЗА МЕЃУОПШТИНСКО ПАРТНЕРСТВО ЗА ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ – „ЕУ ЗА ОПШТИНИТЕ" КОЈ СЕ ОДРЖА ВО ХОТЕЛ АЛЕКСАНДАР ПАЛАС.
НА ОВОЈ НАСТАН, ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ГО ПРЕТСТАВИ ПРОЕКТОТ „ОРГАНИЗАЦИЈА ЗА МЕНАЏИРАЊЕ НА ДЕСТИНАЦИЈА“ (ДМО) ФИНАНСИРАН ПРЕКУ ИСТАТА ПРОГРАМА. ПРОЕКТОТ ОПФАЌА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА СО 12 ОПШТИНИ ОД ПОВАРДАРСКИОТ РЕГИОН И ИМА ЗА ЦЕЛ ДА ПРИДОНЕСЕ КОН ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ, ПРЕКУ ЗАЕДНИЧКИ ПРИСТАП И КООРДИНАЦИЈА МЕЃУ ОПШТИНИТЕ.








16А ДОСТОИНСТВЕНО ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 82 ГОДИНИ ОД СМРТТА НА 12 ВАТАШКИ МЛАДИНЦИ

ДЕНЕС, НА ОВА НЕМО И СВЕТО МЕСТО ВО ВАТАША, СТОИМЕ СОБРАНИ СО НАВЕДНАТИ ГЛАВИ И СРЦА ПРЕПОЛНИ БОЛКА, НО И СО ИСПРАВЕНИ МИСЛИ – МИСЛИ ШТО ОДЕКНУВААТ СО СЕЌАВАЊЕ, СО ПОЧИТ И СО ДЛАБОКА БЛАГОДАРНОСТ. СЕ НАВРШУВААТ 82 ГОДИНИ ОД ДЕНОТ КОГА 12 МЛАДИ ВАТАШКИ СРЦА ПРЕСТАНАА ДА ЧУКААТ, НО ПОЧНАА ЗАСЕКОГАШ ДА ЖИВЕАТ – ВО ИСТОРИЈАТА, ВО СОВЕСТА И ВО ДУШАТА НА НАШЕТО КАВАДАРЦИ.
ТИЕ БЕА МЛАДИ – СО СОНИШТА, СО ЉУБОВИ, СО ЖИВОТ ПРЕД СЕБЕ.
НО, ВО МИГОТ КОГА СЛОБОДАТА БЕШЕ ЗАДУШЕНА, ТИЕ НЕ МОЛЧЕА. НЕ СЕ СКРИЈА.
СЕ ИСПРАВИЈА. СЕ ИЗДИГНАА. СО ГОЛИ РАЦЕ, НО СО ОГНЕНИ СРЦА, ГО ИЗБРАА ОТПОРОТ НАМЕСТО ПОКОРОТ.
ПРАВДАТА НАМЕСТО СТРАВОТ. МАКЕДОНИЈА – НАМЕСТО СЕБЕСИ.
ТИЕ БЕА ОБИЧНИ МОМЧИЊА, А СТАНАА ВЕЧНИ ХЕРОИ. НЕ СЕ ЗАПИША НИВНИОТ КРАЈ – ТУКУ НИВНАТА БЕСМРТНОСТ.
НИВНАТА ЖРТВА Е ГЛАСНА ПОРАКА ШТО ТРЕБА ПОСТОЈАНО ДА ОДЕКНУВА:
СЛОБОДАТА НЕ СЕ ДОБИВА – СЕ ЗАСЛУЖУВА. МИРОТ НЕ Е СЛУЧАЈНОСТ – Е ИЗБОР.
ИДНИНАТА НЕ СЕ НАСЛЕДУВА – СЕ ГРАДИ ВРЗ ТЕМЕЛИТЕ НА МИНАТОТО.
КАКО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ, НИЕ НЕ САМО ШТО СЕ СЕЌАВАМЕ – НИЕ ВЕТУВАМЕ.
ВО НИВНА ЧЕСТ ИЗГРАДИВМЕ 12 СПОМЕНИЦИ – ПО ЕДЕН ЗА СЕКОЈ ЖИВОТ, СЕКОЕ ИМЕ, СЕКОЈ ЗДИВ ШТО ЗАМОЛКНА ПРЕРАНО, НО ОДЕКНА ВЕЧНО.
ИЗГРАДИВМЕ И СПОМЕН-КУЌА – НЕ КАКО ОБИЧНА ГРАДБА, ТУКУ КАКО ХРАМ НА СЕЌАВАЊЕТО, СВЕДОШТВО НА ВИСТИНАТА И СВЕТИЛНИК ЗА НОВИТЕ ГЕНЕРАЦИИ. НИКОГАШ НЕМА ДА ДОЗВОЛИМЕ ДА БИДАТ ЗАБОРАВЕНИ.
НЕ ВО ВАТАША. НЕ ВО КАВАДАРЦИ. НЕ ВО МАКЕДОНИЈА.
ЗАШТО ВАТАШКИТЕ МЛАДИНЦИ НЕ СЕ САМО МИНАТО – ТИЕ СЕ СОВЕСТ.
СОВЕСТ КОЈА НЕ ТЛЕЕ, ТУКУ ГОРИ.
ТИЕ СЕ ПАТОКАЗ – ДЕКА СЛОБОДАТА И ПРАВДАТА БАРААТ ЖРТВА, ЉУБОВ, ИСТРАЈНОСТ.
ПОЧИВАЈТЕ ВО МИР, ХРАБРИ НАШИ МОМЧИЊА. ВИЕ СТЕ СРЦЕТО НА ОВАА ЗЕМЈА.
ВАШАТА СМРТ НЕ ОСЛОБОДИ. ВАШАТА ТИШИНА НЕ НАУЧИ ДА ЗБОРУВАМЕ СО ДОСТОИНСТВО.
ВАША Е ВЕЧНОСТА. НАШ Е ЗАВЕТОТ. ТИ БЛАГОДАРИМЕ, МАКЕДОНИЈО, ШТО ГИ РОДИ!
И ТИ, ВАТАША, ШТО НЕ ДОЗВОЛИ ДА БИДАТ ЗАБОРАВЕНИ! ВЕЧНА СЛАВА! ВЕЧНА БЛАГОДАРНОСТ! ВЕЧНА МАКЕДОНИЈА!






# НАСТАНИ

19В 112 ГОДИНИ ОД ТИКВЕШКО ВОСТАНИЕ! СПОРЕД НЕЦЕЛОСНИТЕ ПОДАТОЦИ ВО ЦЕЛИОТ ТИКВЕШКИ КРАЈ БИЛЕ УБИЕНИ 545 ЛУЃЕ.
ВЕЧНА ИМ СЛАВА!







19Г ВО ПРОСТОРИИТЕ НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА СЕ ОДРЖА РАБОТИЛНИЦА ОРГАНИЗИРАНА ОД UNDP МК ПО ПОВОД 30 ГОДИНИ УСПЕШНА СОРАБОТКА СО ОПШТИНИТЕ ОД ВАРДАРСКИ ПЛАНСКИ РЕГИОН. ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ВО ИЗМИНАТИТЕ ГОДИНИ БЕЛЕЖИ ЗНАЧИТЕЛНА СОРАБОТКА ПРЕКУ КОЈА БЕА РЕАЛИЗИРАНИ ГОЛЕМ БРОЈ НА ПРОЕКТИ ПОДДРЖАНИ ОД UNDP МК.
НА НАШЕ ОГРОМНО ЗАДОВОЛСТВО КАВАДАРЦИ Е ДОМАЌИН НА НАСТАНОТ ПО ПОВОД 30 ГОДИНИ УСПЕШНА СОРАБОТКА НА UNDP МК СО ОПШТИНИТЕ.







ЗА. ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД УСПЕШНО СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ПРОЕКТОТ КОЈ Е ОД ОГРОМНО ЗНАЧЕЊЕ ЗА НАШИОТ ГРАД „СОСТОЈБАТА НА ФИЗИЧКИОТ ФИТНЕС, НУТРИТИВНИОТ СТАТУС И СТАТУСОТ НА СТАПАЛАТА КАЈ ДЕЦАТА И МЛАДИТЕ ОД ОПШТИНА КАВАДАРЦИ“ ВО СОРАБОТКА СО УНИВЕРЗИТЕТОТ СВ. „КИРИЛ И МЕТОДИЈ“- СКОПЈЕ, ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ И ДЕКАНОТ ВЛАТКО НЕДЕЛКОВСКИ. СЕ РЕАЛИЗИРАШЕ ВО СИТЕ ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И БЕА ВКЛУЧЕНИ 1460 УЧЕНИЦИ ОД ВТОРО ДО ПЕТТО ОДЕЛЕНИЕ. ЦЕЛТА НА ОВОЈ ПРОЕКТ Е ДА СЕ СЛЕДИ НИВНИОТ ФИЗИЧКИ РАЗВОЈ И ДОКОЛКУ ИМА ПРОБЛЕМ ВО ФИЗИЧКИОТ РАЗВОЈ РОДИТЕЛИТЕ ДА БИДАТ ИНФОРМИРАНИ, А ИСТОВРЕМЕНО СО ОВАА АКТИВНОСТ СЕ ОТКРИВААТ И СПОРТСКИТЕ ПРЕДИСПОЗИЦИИ КАЈ УЧЕНИЦИТЕ.
ПОДАТОЦИТЕ ОД МЕРЕЊАТА ЌЕ БИДАТ ДОСТАВЕНИ ДО РОДИТЕЛИТЕ НА ДЕЦАТА.





19Ѓ ГОЛЕМА ЧЕСТ Е ШТО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ Е ДОМАЌИН НА НАСТАНОТ ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕТО НА 30 ГОДИНИ ОД РАБОТАТА НА УНДП ВО МАКЕДОНИЈА. СОРАБОТКАТА СО УНДП СЕ РЕАЛИЗИРА ВО НЕКОЛКУ СТРАТЕШКИ ОБЛАСТИ. ПРЕКУ ВЛАДИНИОТ ОПЕРАТИВЕН ПЛАН НА АКТИВНИ МЕРКИ И ПРОГРАМИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, АКТИВНИ СМЕ ВО СИТЕ МЕРКИ И ПРОГРАМИ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ, А ПОСЕБНО ВО ОНИЕ СО ФОКУС НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ПОДДРШКАТА ЗА ОТВОРАЊЕ НОВИ КВАЛИТЕТНИ РАБОТНИ МЕСТА СО ЕДНАКВИ УСЛОВИ ЗА СИТЕ.
ГРАДОНАЧАЛНИКОТ МИТКО ЈАНЧЕВ ИЗРАЗИ ОГРОМНА БЛАГОДАРНОСТ ДО Г-ДИН АРМЕН ГРИГОРИЈАН И УНДП ЗА ПРЕПОЗНАВАЊЕТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ КАКО ПАРТНЕР ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ И ВО ОВАА ПРИЛИКА МУ ПРЕДАДЕ „КЛУЧ НА ГРАДОТ" КАКО СИМБОЛ НА ВЕЧНО ПРИЈАТЕЛСТВО И ГОСТОПРИМСТВО СО НАШАТА ОПШТИНА.
НА НАСТАНОТ БЕА ПРИСУТНИ И МИНИСТЕРОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО ЦВЕТАН ТРИПУНОВСКИ И ЗАМЕНИК АМБАСАДОРКА НА ШВАЈЦАРИЈА ВО МАКЕДОНИЈА, МИХАЛ ХАРАРИ.







Општинско јавно гласило
**КАВ'ДАРЕЧКИ ИНФОРМАТОР**
**Издавач:** Општина Кавадарци - Локална самоуправа
**Уредник:** Сузана Андоноски
Ивона Чачкова
Дизајн: Добре Петрушев
Насловна фотографија: Цветанка Камчева
**Печати:** печатница АРТ Принт Студио

Тираж 300 броја
**Бесплатен примерок**

ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

ул. М. Тито 66, 1430 Кавадарци, Р. Македонија
**kavadarci.gov.mk**